

# GS1 СТРАТЕГИЈА

Преку 110 Организации Членки
ја опслужуваат Глобалната Заедница

**Глобален деловен јазик®**

# ШТО Е

3 Визија и Мисија
4 Уверувања
5 Вредности
6 Организација и Улоги
7 Области на делување
8 Стандарди, Услуги и Решенија
9 Основни Надлежности
10 Нашата Визија за 2020
11 Најважните Пет Приоритети 2012-2015
12-13 Стратешки Прашања: Постојано обновување врз основа на приоритерите на GS1
14-17 GS1 Македонија: Вашата Национална Организација



# GS1?

**GS1® е неутрална непрофитна организација која ја олеснува соработката меѓу трговските партнери, организациите и провајдерите на технолошки решенија, со цел да се надминат бизнис предизвиците чие решавање се потпира на стандардите и се овозможува видливост долж целиот синџир на снабдување.**

## GS1 е потполно интегрирана глобална организација

Преку 110 национални организации ги претставуваат сите точки во синџирот на снабдување.

## GS1 ги развива најшироко употребуваните стандарди за синџирот на снабдување во светот

Околу 2 милиони компании водат бизнис користејќи ги GS1 стандардите во преку 150 држави.

## GS1 дејствува мултисекторски и мултииндустриски

Во преку 20 сектори: од стоките за широка потрошувачка до здравствената заштита, транспортот, одбраната, астронаутиката...

# GS1 ЗАЕДНИЦАТА...

- ИМА ЕДНА ВИЗИЈА
- ЗБОРУВА ЕДНОГЛАСНО
- ДЕЛУВА КАКО ЕДНА ОРГАНИЗАЦИЈА



# ВИЗИЈА И МИСИЈА

## ШТО САКАМЕ ДА ИЗГРАДИМЕ?

GS1 има визија за свет во кој процесите се одвиваат и информациите се движат поефикасно и побезбедно во корист на бизнисите, со цел подобрување на животите на луѓето секојдневно и насекаде.

## ШТО ПРАВИМЕ ДА ЈА ПОСТИГНЕМЕ ЦЕЛТА?

Нашата мисија е да бидеме неутрален лидер кој ќе овозможи развој на бизнис заедниците и имплементација на глобалнита стандарди овозможуваји алатки, доверба и сигурност потребни за остварување на нашата визија.

## КОИ СЕ НАШИТЕ ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРИНЦИПИ?

- Ние сме непрофитна организација
- Ние сме деловно неутрални партнери
- Се раководиме според потребите на корисниците
- Ги опслужуваме сите компании без оглед на големината или структурата и сопственоста на капиталот
- Нашата платформа за работа ја олеснува соработката меѓу деловните партнери
- Ние сме Невладина Организација со консултативен статус признаен од страна на Организацијата на Обединетите Нации

# ВРЕДНОСТИ

## КОИ СЕ НАЧЕЛАТА НА НАШЕТО ОДНЕСУВАЊЕ?

- Инспиративно лидерство
- Страст за постигнување на врвни резултати
- Иновативност
- Доверба и интегритет
- Тимска работа и соработка



# ОРГАНИЗАЦИЈА И УЛОГИ

## КАКО СМЕ СТРУКТУИРАНИ?

**GS1 Генерално Собрание**
*(Претставници на сите Организации Членки)*

- Глобално Раководење

**GS1 Управен Одбор**
*(Клучни лидери од мултинационални, средни и мали компании и од Организациите Членки)*

- Глобални стратегиски насоки

**Локални GS1 У.О.**
*(Клучни лидери од локалните компании)*

- Глобални стратегиски насоки

GS1 EPCglobal Управен Одбор

GS1 GDSN Управен Одбор

**GS1 Глобална Организација**

- Развој на нови стандарди и системи
- Развој на глобална маркетинг стратегија
- Поддршка на имплементацијата на локално ниво
- Усогласување/Комуникација

**GS1 Национална Организација Членка**

- Помош при дизајн на нови системи
- Водење на локалните сервиси
- Водење на локалната имплементација

## КОИ СЕ КОРИСНИЦИТЕ НА НАШИТЕ УСЛУГИ?

- Потрошувачи
- Работници/Соработници
- Компании од сите големини
- Провајдери на решенија
- Индустриски Здруженија и асоцијации
- Тела за Стандардизација
- Единици на Локална Самоуправа
- Владини тела и агенциии
- Разни други области каде дејствуваме



## ШТО ВИ ОВОЗМОЖУВАМЕ?

**Глобален деловен јазик®**

**Глобални Бенефити:**
Создавање на поефикасни, побезбедни и оддржливи синџири на вредности

**Решенија и услуги:**
Решавање на деловните проблеми со глобални стандарди

**GS1 Систем на Стандарди:**
Видливост во синџирот на снабдување

**Идендификација**
GS1 Клучеви за Идентификација

**Прибирање на податоци**
GS1 Носители на податоци
- GS1 БарКодови
- GS1 EPC/RFID

**Размена**
GS1 Стандарди за електронска размена на податоците
- GS1 eCom
- GS1 EPCIS
- GS1 GDSN

## ШТО МОРАМЕ ДА НАПРАВИМЕ ПОДОБРО ОД БИЛО КОЈ ДРУГ?

**Развој на Глобалните Стандарди**
Ефикасно управување со глобалниот, од корисниците поттикнат развој и процес на имплементација, со цел постигнување на поквалитетни, лесни за имплементација стандарди за сите индустриски области и провајдери на решенија

**Идентификација**
Овозможува систем на недвосмислени броеви за идентификација на стоки, услуги, средства и локации за поддршка на автоматизирани и безбедни процеси во синџирот на снабдување

**Глобална Распространетост**
Одржување и развој на глобална мрежа на националните GS1 Организации кои овозможуваат на нивните членки поквалитетни стандардизирани услуги.

**Мулти-Културна Комуникација**
Развој и одржување на широк спектар на можности за комуникација со што се овозможува ефективна двонасочна комуникација меѓу GS1 и нејзините национални организации членки, компаниите членки и пошироката заедница

# НАША ВИЗИЈА ЗА 2020

**GS1 СИСТЕМ**
Потпора на моќниот и робустниот GS1 Систем.

**КВАЛИТЕТ НА ПОДАТОЦИТЕ**
Обезбедување на алатки со кои се овозможува квалитет на податоците.

**ВИДЛИВОСТ**
Овозможување на полна видливост на синџирот на снабдување.

**B2C**
Од Вашиот бизнис до потрошувачот, Business-to-Customer - Проширување на нашите стандарди со цел да се овозможи поврзување на компаниите со потрошувачите.



**Продолжува засилувањето на нашите основни приоритети**

- Овозможување на одлична услуга за нашите основни стратешки сектори (Трговија, Здравство, Транспорт и Логистика) преку развој на GS1 Системот (AIDC, eCom, GDSN и EPC)

**Да станеме клучен играч во поврзаниот свет (интернет) со:**

- Од вашиот бизнис до потрошувачот, Busines-to-Consumer (B2C)
- Квалитет на податоците, Data Quality (DQ)
- Видливост

**Приклучување и ангажирање на нови стратешки сектори како што се Автомобилската индустија и Финансиските услуги**

**Постепено менување на препознатливоста на GS1 брендот преку имплементација на новата архитектура на брендот**

**Продолжување на развојот на организација од светска класа и нејзина тесна поврзаност со националните организации членки**

## ОБЛАСТИ НА СТРАТЕШКИ ФОКУС

### Усвојување на Стандардите:
Спроведување на усвојувањето на GS1 Стандардите. Развој и прифаќ ање на вистински предлози и најдобри пракси за клучните процеси по сектори. Спроведување и мерење на примената на клучните принципи на GS1 од страна на клучните корисници и GS1 Организации Членки.

### Мулти-Секторски Приод:
Овозможување на услуга од светска класа на нашите основни сектори (Трговија, Здравство, Транспорт и Логистика). Интеграција на нови сектори кои можат да дадат поттик на GS1 Стандардите и создадат нови вредности кон основните сектори и на GS1 Организациите Членки.

### Оддржлив Бизнис Модел:
Дефинирање на идниот деловен модел за услугите и решенијата идентификувани во нашата долгорочна визија

### Управување:
Усогласување на стратегиите на У.О. на GS1 и GS1 Организациите Членки. Обезбедување на највисоко извршно ниво на претставници во У.О. на глобално и национално ниво за да се задржи стратешката бизнис перспектива.

### Соработка:
Одржување на блиски стратешки работни односи со Форумот на Потрошувачи и др. водечки Асицијации на Производители.

## ПОДОБРЕНА ОПЕРАБИЛНОСТ

**Зајакнување на GS1 Брендот:**
Континуирано зголемување на свеста за визијата на GS1, стратегиите и стандардите, како и зајакнување на едноставноста и конзистентноста на пораката.

**Интегрирано Портфолио на Производи и Решенија:**
Обезбедување на интегритетот и консистентноста на GS1 Системот преку сеопфатната GS1 Архитектура.

**Зајкнување на Стратешките Партнерства:**
Зацврстување на партнерствата во рамките на бизнис заедницата кои можат на донесат најмногу бенефити за нашите корисници. Фокусирање на оптимизацијата на взамно-бенефитни релации.

**Поддршка на развојот на јавната политика**
Водење на отворен и продуктивен дијалог со законодавните и регулаторните тела. медиумите и останатите клучни сектори.

**Изградба на меѓусебно зависна Организација:**
Изградба на заедница која Има Една Визија, Говори Едногласно за таа визија и Дејствува како Една Организација во согласност со визијата.

ГS1 МАКЕДОНИЈА

# ЗА GS1 ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**GS1 Македонија ги обединува сите учесници во деловните процеси од многу сектори - производителите, дистрибутерите, трговците на мало, индустриските кластери и провајдерите на решенија - со цел развивање, прифаќање, усвојување и спроведување на стандарди кои воведуваат револуција во начинот на кој се води бизнисот.**

Од формирањето во 1994 година, GS1 Македонија е полноправна членка на **Меѓународната GS1 Организација** со добиен национален префикс **531**. Од15 март 2006 година, GS1 Македонија е членка на регионалната организација **GS1 in Europe** и е прва организација од Република Македонија која влезе во Европа.

GS1 Македонија обезбедува поддршка на преку 1,000 компании од повеќе сектори. Ние развиваме стандарди кои го подобруваат деловното работење на македонската бизнис заедница, а на македонските производи им се овозможува присуство и конкурентност на глобално ниво.



## Здравство и фармација

Ние на здравствениот сектор му овозможуваме да се подобри безбедноста на пациентите и ефикасноста на синџирот на снабдување преку имплементирање и спроведување на нашите глобални стандарди. Користење на GS1Стандардите овозможува автоматска идентификација, собирање и размена на информации за пациентите, медикаментите, медицинските помагала, средствата и опремата.

## Производи за широка потрошувачка, храна и пијалоци

Со GS1 Стандардите се овозможува контрола на квалитетот на сите производи и следење на производите од преработка на суровините до финалниот производ, пакување, транспорт и дистрибуција до големопродажната и малопродажната трговска мрежа сé до потрошувачот.

## Транспорт и логистика

Компаниите кои вршат транспортни и логистички операции се здобиваат со конкурентност преку примена на GS1 стандрардите во нивното работење. Со приментата на GS1 Стандардите се подобрува ефикасноста, се зголемува видливоста на протокот на пратки, се обезбедува поефикасно ракување и управување со инвентарот, се зголемува безбедноста на дистрибуцијата и брзината на работењето.

## Пробив на GS1 стандардите во нови сектори

Имплементација на GS1 Стандардите во уште повеќе сектори и индустриски и неиндустриски дејности.

## GDSN-Глобална Мрежа за Синхронизација на Податоци

GS1 им помага на трговските партнери да разменуваат точни, детални и ажурирани информации за производите. GDSN (Global Data Synchronisation Network) ги олеснува деловните процеси, тие стануваат побрзи, поефикасни и поефтини, а производите на македонските компании ќе станат препознатливи и подостапни на трговските партнери на локално и глобално ниво.

## EDI-Електронска Размена на Податоци

Развој на електронската размена на податоците EDI (Electronic Data Interchange). Компаниите кои ги користат EDI стандардите стекнуваат реална конкурентска предност преку забрзување на административните процеси, точност, ефикасност и значително намалување на трошоците.

## DataBar и DataMatrix Бар Кодови

Примена на новата генерација Бар Кодови (DataBar и DataMatrix) во секторите и областите каде нивната примена ќе го олесни работењето на компаниите со што ќе се заштедат значителни средства и ќе се овозможат подобри услуги за корисниците.



**SEE ONE VISION**

**SPEAK WITH ONE VOICE**

**ACT AS ONE ORGANISATION**

© Copyright 2012 GS1 AISBL
GS1 is a registered trademark of GS1 AISBL

2012 edition
www.gs1.org